Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 363/0306
16.09.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 10 септември 2019 година, врз основа на примена жалба од Александар Кирацовски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот Република, со текстот насловен „Кирацовски да каже колку зел рекет за „Стентон градба“ во Битола, прашува Душан Илиевски“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1 и 3.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 26 август 2019 година, адвокат Трајче  Арсов во својство на полномошник на пратеникот Александар Кирацовски, поднесе жалба против „Прва Република“ ДОО Скопје и управителот на правното лице „Прва Република“ за текстот насловен „Кирацовски да каже колку зел рекет за „Стентон градба“ во Битола, прашува Душан Илиевски“, објавен на 30 јули 2019 година на Интернет – порталот Република (www.republika.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот се изнесени клевети на сметка на Александар Кирацоски и дека пратеникот подолго време бил мета на навреди и клевети  од страна на интернет – порталот. Подносителот на жалбата посочува дека објавената содржина е апсолутна невистина и дека текстот е спротивен на професионалните стандарди и етика на новинарската професија. Според жалителот, авторот воопшто не водел сметка за втора засегната страна и притоа, не направил дополнително истражување на вистинитоста, пред содржината да биде објавена.

Подносителот на претставката, меѓу другото, потенцира дека од „Република“ било побарано да објави демант, извинување и повлекување на текстот, но дека медиумот објавил само демант, кој бил проследен со дополнителни коментари, со сарказам и со негативна конотација.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет – порталот Република и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 3.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 3:*** *„Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 10 септември 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст, кој пренесува „Фејсбук" статус на корисник на социјалните мрежи, во кој, пратеникот Александар Кирацовски е ставен во негативен контекст за наводно вршење изнуда и притисок. Членовите на комисијата се согласија дека текстот, сам по себе, произлегува од јавниот интерес и дека функционерите се легитимна новинарска цел, која може да вклучува и искажување на гледишта до степен на претерување, дури и провокација, сѐ со цел да поттикне јавна дебата на конкретна тема. Но, во исто време, Комисијата се согласи и дека авторот, кој не е потпишан на текстот, не понудил целосно објективна и проверена информација, затоа што отстапил од основното новинарско правило да побара мислење од сите засегнати во новинарскиот производ, во случајов, и од пратеникот Кирацовски, со што, лесно може да ја доведе јавноста во заблуда и да ја дезинформира.

Медиумите се одговорни и за искажаното на социјалните мрежи, затоа што со нивното објавување, таквите содржини добиваат јавност и затоа, не ги ослободуваат од одговорност. Во такви случаи, новинарите се обврзани да побараат „втора страна" и да ги проверат информациите колку што е можно повеќе, за да ја избегнат опасноста од манипулации и дезинформирање на јавноста. Оттука, членовите на Комисијата најдоа дека интернет порталот „Република" го прекршил **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка, особено е нагласена во следните реченици:

***„Душко Илиевски, познат по прекарот Душко млекарот јавно, на фејсбук го прашува Александар Кирацовски, пратеник на СДСМ и поранешен генерален секретар на партијата колку зел рекет на „Стентон градба" во Битола. Кирацовски изврши притисок врз советниците на Општина Битола за да го легализираат овој неправилно изграден објект кој е во сопственост на „Стентон градба", пишува Душко Илиевски на фејсбук".***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна", особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Во продолжение, Комисијата констатираше дека интернет - порталот Република докрај не го испочитувал и начелото од Кодексот на новинарите, кој се однесува на обврската за објавување демант. Медиумот го објавил демантот, испратен од жалителот, но проследен со полемичен коментар во форма на редакциски став, што не е дозволено во новинарската професија. Во исто време, од самиот наслов „Кирацовски, седи, кец!", воопшто и не може да се воочи дека се работи за демант. Ова уште повеќе, што коментарите и објаснувањата на

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

порталот се двојно подолги од самиот демант на жалителот. Оттука, Комисијата утврди дека медиумот го прекршил **и членот 3** од Кодексот на новинарите.

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

*** Членот 17 од Законот за медиуми (Право на исправка на објавена информација), во делот кој се вели:**

Секој има право од издавач на медиум, односно од одговорен уредник на издавач на медиум да бара, без надоместок, да објави исправка на објавената информација во која се наведуваат неточни факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси. Право на исправка имаат и правните лица и другите организации и тела, доколку со информацијата биле повредени нивните права или интереси.

*** Членот 18 од истиот Закон (објава на исправка) во делот во кој се вели:**

Исправка се објавува, без измени и дополнувања, на исто или соодветно место во содржината на медиумот и на ист или соодветен начин на оној на кој била објавена информацијата. Исправката не смее да биде несразмерно подолга од информацијата, односно од делот на информацијата на која се однесува. Исправката може да се објави во изменета форма само доколку на тоа се согласи подносителот на барањето на исправката. **Исправката мора да биде објавена на начин што од самиот наслов може да се види дека се работи за исправка**. Исправка без согласност на подносителот на барањето не смее да се објавува меѓу реакции или писма на читателите, односно гледачите или слушателите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Интернет – порталот Република (www.republika.mk) во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595